


КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

## ЈАНУАРИ 2025

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Глобалната економија во јануари забележа умерен раст. Економијата на САД остана силна поради стабилниот пазар на труд, но инфлацијата останува над таргетот, со дополнителен притисок поради најавените тарифи од страна на Трамп. Во Европа, растот беше поддржан со намалување на каматните стапки, но слабата индустрија и геополитичките ризици го отежнуваа закрепнувањето. Кина и пазарите во развој добија поддршка преку фискални и монетарни мерки, но структурните проблеми го ограничуваа растот. Причина за пазарните поместувања беше и развојот на вештачката интелигенција во Кина. Глобалниот индекс MSCI ACWI во првиот месец забележа раст од 3,29%, а раст бележат и поголемиот дел од регионалните индекси. Од приказот кој следи, најголем принос во текот на јануари имаат остварено европските акции прикажани преку индексот Stoxx Europe 600 кој изнесува 6,29%, додека со најнизок принос од 1,36% е MSCI Asia Pacific индексот каде се опфатени азиските акции.




MSCI Asia – Pacific – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија – Пацифик
MSCI Emerging Market – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
STOXX 600 – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ



Македонскиот берзански индекс МБИ 10 по големиот раст претходната година, и оваа ја започна со раст од 6,40%. Од компаниите кои се дел од структурата, најголем принос остварија акциите на Македонијатурист кој изнесува значителни 25,44% за само еден месец. Пораст забележаа и сите останати акции од индексот со исклучок на Уни банка која имаше послаб пораст од 0,10% и Стопанска банка АД Скопје чија цена на акциите се намали за 8,98% во текот на јануари.




*Извор: Блумберг*

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Пазарот на обврзници се карактеризираше со голема волатилност, а како причина се јавуваат инфлационите притисоци и влошените трговски односи помеѓу САД и остатокот од светот. ФЕД ги задржа непроменети каматните стапки, додека ЕЦБ ги намали за 25 базични поени. На крајот од месецот, највисок принос од анализираните обврзници има македонската обврзница кој изнесува 4,68%, додека најмала стапка на принос има швајцарската обврзница, кој изнесува 0,43%.



**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**

*** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање 03.10.2028.**




*Извор: Блумберг*

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ



На девизниот пазар, најголем пораст во однос на еврото (EUR) оствари руската рубља (RUB) кој изнесуваше високи 15,29%, додека раст забележаа и јапонскиот јен (JPY), кинескиот јуан (CNY) и австралискиот долар (AUD). На негативната страна со најголем пад е британската фунта (GBP) од 1,03%, а потоа следат швајарскиот франк (CHF) со –0,46% и американскиот долар (USD) со –0,09%.

## Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)




*Извор: Блумберг*


**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk


Лектор: Каролина Накова


Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk